RENAULT PRO+

# Новиот Renault MASTER






# Новиот Master, лесно комерцијално возило за секого

Renault ви го претставува новиот Renault MASTER и уште еднаш ја потврдува својата професионалност во оваа област. Новиот MASTER, кој несомнено важи за златен стандард кај лесните комецијални возила, нуди повеќе од 350 верзии прилагодени за сите дејности и потреби на индивидуалните корисници. Достапен е со различни должини и висини, верзии на шасија со кабина, двојна кабина, шасии со сандак, кипер и Grand Volume со погон на предни и задни тркала. Потполно обновениот преден дел на возилото го открива бескомпромисниот карактер на неговиот корисник.


RENAULT


MASTER



# Новиот MASTER бескомпромисен и сигурен

Дизајнот на новото возило Renault MASTER ја открива личноста на неговиот корисник. Елегантни линии, вертикален преден дел, високо поставен капак на моторот, хромирана предна маска и LED светла во форма на буквата C ја откриваат поддршката за професионалните корисници во извршување на нивните секојдневни задачи.









# Престојот во возилото никогаш на било попријатно

Работните денови на професионлните корисници се често напорни и тешки, понекогаш и во услови на дожд и студ. Затоа патничкиот простор на новото возило Renault MASTER е дизајниран да им овозможи удобност и практичност како вистинска канцеларија. Новата инструмент табла изобилува со многу практични места за складирање, како 10,5 - литарско катче во кое има масичка «Easy Life« со импулсивно управување. Благодарение на оригиналната идеја на Renault, совозачката страна на едноставен начин се претвора во удобен работен простор или трпезарија. Во централниот дел од мобилната канцеларија е просторот за преносив компјутер за ажурирање на датотеките помеѓу два телефонски повици. Безжичниот индукциски полнач дозволува полнење на паметните телефони во текот на возењето.





# Едноставен пренос на товар

Во новото возило Renault MASTER практичноста е на прво место. Задните врати се отвораат до агол од 270°, а нискиот товарен праг обезбедува полесен пристап и поедноставен товар на поголеми предмети. Дури дванаесет прстени за прицврстување ја гарантираат сигурноста на товарот. До вратата се поставени рачки за полесен влез и излез од товарниот простор. Широките отвори позади и од страна , оптимална зафатнина на товарниот простор (до 22 $m^3$) како и оригиналните места за складирање, му помагаат на новиот Renault MASTER да ви го олесни напорниот ден.




12.5t






# Перформанси и сигурност

Зголемената сила и вртежниот момент обезбедуваат удобно возење кај ниските и поголема реакција кај повисоките вртежи на моторот. Моторите во новото возило Renault MASTER го олеснуваат вашиот секојдневен живот, а истовемено со контролираната потрошувачка штедат гориво. Новите системи за помош при возење имаат функција да ви го поедностават животот. Иновативниот систем «Rear View Assist»[(1)] овозможува одлична визуелизација на подрачјето зад возилото со средна и голема одалеченост за најдобра прегледност при возењето. Во комбинација со предупредувањето за возила во мртвиот агол, овозможува оптимална прегледност од двете страни на возилото. Системот «Side Wind Assist»[(2)] помага за одржување на стабилноста при страничен ветар, а системот за предупредување при напуштање на сообраќајната лента ве одржува во вистинската насока. Системот AEBS[(3)] го надополнува системот за сопирање и ја зголемува неговата ефикасност. Новиот MASTER има сè што е потребно за да стане вашиот нов сојузник.

(1) Систем за преглед на подрачјето зад возилото (RVA)
(2) Систем за стабилизација при страничен ветар
(3) Помош при сопирање




MASTER Z.E

## Претставување на верзии

# Затворен транспорт на стока

Многу разновидни потреби на корисниците можат да бидат задоволени со богатата понуда на внатрешна опрема како и комбинации на должина и висина на новиот Renault MASTER со зафатнина на товарниот простор од 8 до 22 $m^3$.



Фургон со погон на предни тркала



Продолжена кабина



Grand Volume



Фургон со погон на задни тркала

# Превоз на патници

Новиот Renault MASTER Комби е прилагодлив и може да прими до девет патници или поголеми предмети, а на седиштата во новата верзија на минибус може да се превезуваат до 17 патници.



Комби



Бус

## Отворен транспорт

Новиот Renault MASTER е достапен во многу верзии помеѓу кои е и кипер со тристрано или задно кипање. Везијата на шасии со кабина се идеални за секаква намена.



Кипер со тристрано или задно кипање



Сандак со спуштена страница



Шасија со кабина


30
BALANCE



Откријте го новиот Renault Master
на **www.renault.mk**



Презедовме сè што е во наша моќ за точност на содржината на оваа брошура при нејзиното печатење, којашто би ги содржела и последните измени. Изработена е врз основа на пред-сериските возила или прототипови. Во рамките на политиката на постојано усовршување на производите, Renault го задржува правото на промена на прикажаната спецификација, возило и дополнителна опрема. Овластените дилери на Renault за овие промени се известуваат во најкраток можен рок. Моделите можат да се разликуваат во зависност од одредени пазари, опремата (сериска, со доплата или дополнителна), па можат да не бидат секаде достапни. За најнови информации обратете се до најблискиот импортер. Поради технички ограничувања  при печатењето, можно е боите во оваа брошура благо да отстапуваат од реалните бои на каросеријата или материјалите на внатрешните облоги. Сите права се задржани. Забрането е размножување на оваа брошура во која било форма или на кој било начин, во целост или делумно, без претходна согласност од компанијата Renault.

Prodigious Автори на фотографија: A. Bernier, U. Heckmann, Additive, ©Renault Marketing 3D-Commerce
Аутомотив Груп, ул.Скупи 14, 1000 Скопје | www.renault.mk | Август 2019